Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 256/2024

Дата........................ 20-02-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Битола се издаваат **Услови за планирање на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола.**

Должината за која се издаваат Условите за планираната траса изнесува 0,1 км.

Почетна точка на предметната траса е постоечка ТС "Кукуречани 2" лоцирана на дел од КП 2690/2, КО Кукуречани, додека крајна точка е новопредвиден кабелски разводен ормар поставен на дел од КП 2544/1, КО Кукуречани, Општина Битола. До новиот кабелски разводен ормар ќе бидат поставени и две МО 5А.

Планираната траса се сече со траса на издадени Услови за планирање на просторот за УП за изградба на 35 kV кабловска врска од ТС 110/35 kV "Битола" до ТС 35/0,4 kV "Сокомак", со тех. бр. Y16308.

**Видот на пласнката документација да се усогласи со Законот на урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот **со тех. бр. Y65623** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нивна основа.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита за земјоделското земјиште, а особено стритното органичување на трансформацијата на семјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачување на квалитетот и природна плодност на земјиштето.

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Битола, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 58062 од 20.12.2023 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола. Должината за која се издаваат Условите за планираната траса изнесува 0,1 км. Почетна точка на предметната траса е постоечка ТС "Кукуречани 2" лоцирана на дел од КП 2690/2, КО Кукуречани, додека крајна точка е новопредвиден кабелски разводен ормар поставен на дел од КП 2544/1, КО Кукуречани, Општина Битола. До новиот кабелски разводен ормар ќе бидат поставени и две МО 5А.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 256/2024 од 07.02.2024 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Условите за планирање на просторот за 0,4 kV нисконапонски кабелски вод и поставување на нов кабелски разводен ормар и нови МО 5А, КО Кукуречани, Општина Битола, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk